Почитувани,

По повод **17-ти декември – Меѓународниот ден за борба против насилството врз сексуалните работници**, Здружението за поддршка на маргинализирани работници **СТАР-СТАР** со задоволство Ве поканува на МАРШОТ на црвениот чадор во знак на поддршка на сексуалните работници.

Црвената е боја на убавината, а чадорот го претставува отпорот против небесните и човековите напади. Сите знаат што значи црвената панделка. Црвениот чадор ја има истата глобална симболика. Ве молиме придружете се и Вие на МАРШОТ на црвениот чадор и застанете против криминализацијата и насилството врз сексуалните работници.

Симболичното отворање на чадорите ќе се одржи на 17-ти декември 2010 (петок) со почеток во 19 часот на отворената скопска сцена, односно пред Младински културен центар (МКЦ).




Во продолжение на маршот на црвениот чадор, Ве покануваме на дружење и забава во кафе бар ЖУРНАЛ во Градскиот трговски центар (2-ри кат) со почеток во 20 часот.

Искрено Ваш,

STAR - STAR

*Start Together for Art and Romance*